**Известување за концентрација помеѓу Нестле С.А., Швајцарија и Баунтифул Компани, САД (предмет бр. 08-63/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.05.2021 година, а дополнето на 01.06.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на индиректна единствена контрола од Нестле С.А., со регистрирано седиште на Авенија Нестле 55, Вевеј 1800, Швајцарија врз Баунтифул Компани, со седиште на Парк Авенија Флорхем Парк бр. 180, Њу Џерси 07932, Соединетите Американски Држави по претходното одвојување на одредени брендови и поврзани средства од Баунтифул Компани.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Нестле С.А.** е швајцарско друштво кое првенствено се занимава со производство, маркетинг и продажба на голем број разновидни производи за храна и пијалаци, вклучително млечни производи; пијалаци од кафе; пакувана вода; житарици; кулинарски производи, вклучително подготвена храна, зачини, сосови и суви тестенини; сладолед; пијалаци од чоколадо и чај; кондиторски производи, закуски и храна за домашни миленици, здрави производи за исхрана.

Нестле има едно претпријатие-ќерка инкорпорирано во Северна Македонија - Нестле Адриатик Македонија дооел Скопје, со седиште на Булевар Партизански Одреди 59А, Скопје 1000, Северна Македонија.

**Баунтифул Компани** е лидер во глобалната исхрана, активно во производството, маркетингот и снабдувањето со витамини, минерали, билни и други специјални суплементи и производи за активна исхрана. Предложената трансакција ги вклучува брендовите Нејчрс Баунти (*Nature's Bounty*), Солгар (*Solgar*), Остео Би-Флекс (*Osteo Bi-Flex*) и Пјуританс Прајд (*Puritan's Pride)*, како и дејноста со ексклузивна трговска марка во Соединетите Држави на друштвото. Меѓутоа, брендовите за спортска и активна исхрана на Баунтифул Пјур Протеин (*Pure Protein*), Боди Фортрес (*Body Fortress*) и МЕТ-Ркс (*MET-Rx*)), Д-р Органик (*Dr. Organic*) и Канадската дејност без рецепт (ОТЦ) (*OTC*) кои не го надополнуваат портфолиото на Нестле не се вклучени во трансакцијата.

Баунтифул нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва во Северна Македонија.

Спред подносителот на известувањето како релевантен пазар на стоки за пријавената концентрација би можел да се дефинира пазар на витамини, минерални и суплементи на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

04.06.2021 година
Скопје